2758

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ: БИЗНИС МЕНАЏМЕНТ, ПО ПРЕДМЕТИТЕ МЕНАЏМЕНТ НА БИЗНИС ПРОЦЕСИ И АНАЛИТИКА НА БИЗНИС ПОДАТОЦИ НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Економски факултет - Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија" и „Коха" од 5.12.2019 година, за избор на наставник во сите наставно–научни звања во научната област: бизнис менаџмент, по предметите: Менаџмент на бизнис процеси и Аналитика на бизнис податоци, и врз основа на Одлуката на Наставно–научниот совет, бр.02-2644/3 донесена на 23.12.2019 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Сашо Јосимовски, редовен професор на Економскиот факултет во Скопје, д-р Калина Треневска Благоева, редовен професор на Економскиот факултет во Скопје и д-р Лидија Пулевска Ивановска, редовен професор на Економскиот факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно–научни звања во научната област: бизнис менаџмент, по предметите Менаџмент на бизнис процеси и Аналитика на бизнис податоци, во предвидениот рок се пријави доцент д-р Марина Мијоска Белшоска.

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката доц. д-р Марина Мијоска Белшоска е родена на 06.12.1978 година во Скопје. Средно образование завршила во природно-математичката гимназија „Никола Карев" во Скопје, како најдобар ученик на својата генерација во 1997 год. Истата година се запишала на Економскиот факултет - Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Метдоиј" во Скопје на отсекот за деловна (бизнис) економија, насока: менаџмент. Во октомври 2001 година дипломирала како еден од најдобрите студенти во генерацијата со просечен успех 9,69.

Во учебната 2004/05 година се запишала на втор циклус (магистерски) студии на Факултетот за организациони науки, Универзитет во Белград, Србија, на насоката за е-бизнис. Студиите ги завршила во 2009 година, со просечен успех 10,00. На 07.05.2009 година го одбранила магистерскиот труд на тема: „Влијанието на реинженерингот на бизнис процесите и електронскиот бизнис на конкурентноста на компаниите" (наслов во оригинал - „Утицај реинжењеринга пословних процеса и електросeducational пословања на конкурентност компанија"), со што се стекнала со звањето магистер по технички науки од подрачјето на организациони науки – електронски бизнис.

Докторска дисертација пријавила на Економскиот факултет – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Метдоиј" во Скопје. Дисертацијата на тема: „Е-бизнис системи за процесна организациска трансформација и конкурентност на претпријатијата" ја одбранила на 13.03.2015 година, пред Комисија во состав: проф. д-р Сашо Јосимовски, проф. д-р Бобек Шуклев, проф. д-р Љубомир Дракулевски, проф. д-р Калина Треневска Благоева и проф. д-р Лидија Пулевска Ивановска. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на економски науки.

На 17.6.2015 година е избрана во звањето доцент на Економскиот факултет во Скопје во областа бизнис менаџмент по предметот Менаџмент на е-бизнис (Одлука на Наставно–научниот совет, бр. 0202-1272/6 од 19.06.2015).

Во моментот е доцент. Последниот реферат за избор е објавен во Билтенот на УКИМ бр.1101 од 01.06.2015 година.

Кандидатката активно се служи со англискиот, српскиот и хрватскиот јазик, а има добри познавања и од италијанскиот јазик.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтен/билтени бр.1101 од 01.06.2015 година., како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

### Наставно–образовна дејност

Во рамки на наставно–образовната дејност на Економскиот факултет во Скопје, при УКИМ, кандидатката д-р Марина Мијоска Белшоска е ангажирана во спроведувањето на настава и вежби на три циклуси, и тоа на прв циклус студии по предметите: Менаџмент на е-бизнис и Е-бизнис апликации во виртуелно окружување; на втор циклус студии на студиската програма Е-бизнис менаџмент (едногодишни и двогодишни студии) по предметите Дизајнирање на бизнис процеси и Е-Влада и на трет циклус студии на студиската програма Организациски науки и управување (менаџмент) по предметот Дизајнирање на бизнис процеси. Во изведувањето на наставата, кандидатката е целосно посветена на пренесување на знаењето на студентите, користи современи наставно–образовни методи, успешно ги организира и ги реализира предавањата и има отворена и постојана комуникација со студентите. Во функција на наставата, кандидатката е ангажирана со консултации со студенти од прв, втор и трет циклус студии, менторира изработка и презентација на проектни задачи, дипломски трудови и др. Кандидатката, исто така, учествува во изготвување на испитни прашања, организирање и спроведување на испити и колоквиуми по соодветните предмети.

Кандидатката била ментор на девет дипломски трудови.

Кандидатката учествувала како член во Комисија за оцена/или одбрана на единаесет дипломски и еден магистерски труд.

Конкретните активности од наставно–научната дејност во детали се наведени во Анекс 1 Посебни услови за избор на наставно–научно, научно и наставно–стручно звање од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно–научни, научни, наставно стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

### Научноистражувачка дејност

Д-р Марина Мијоска Белшоска има објавено вкупно деветнаесет научни трудови од областа на бизнис менаџмент, од кои девет трудови со оригинални научни резултати, објавени во меѓународни научни списанија (два во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија и седум во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови), шест трудови во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде

што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји и три труда објавени во зборник на трудови на високообразовна институција:

1. Мијоска Белшоска, М. (2015), Анализа на нивото на процесна зрелост на компаниите во Република Македонија, Годишник на Економски факултет – Скопје, том 50 С. 1–70 (2015), Скопје, стр.265-280;
2. Trenevska Blagoeva, K. and Mijoska, M. (2016), User Adoption Analysis of the E-Government Services in the Republic of Macedonia with Technology Acceptance Model (TAM), Proceedings of selected papers of the 35th International conference on Organizational Science Development, University of Maribor, Faculty of Organizational Sciences , Portoroz, Slovenia, pp. 202-213;
3. Trenevska Blagoeva, K. and Mijoska, M. (2016), Adoption of electronic public services: the case of the Republic of Macedonia, Proceedings of the 8th International Conference "An Enterprise Odyssey; Saving the Sinking Ship through Human Capital", Croatia, Faculty of economics and business, University of Zagreb, Croatia, pp.750-757 (indexed/referenced in EBSCO, EconLit and ProQuest);
4. Мијоска Белшоска, М. (2016), Компаративна анализа на практиките на бизнис процесниот менаџмент во компании од услужниот и производствениот сектор во Република Македонија, Годишник на Економски факултет – Скопје, 51 С. 1-604 (2016) Скопје, стр.207-221;
5. Trenevska Blagoeva, K. and Mijoska, M. (2017), Determinants of mobile internet usage and opportunities for m-marketing among youth in the Republic of Macedonia, *International Journal of Multidisciplinarity in Business and Science -IJMBS*, Vol. 3, No. 4, pp.60-66;
6. Trenevska Blagoeva, K., Josimovski, S., Mijoska, M. and Jovevski, D. (2017), Digital Maturity Assessment in the Banking Industry in the Republic of Macedonia, *International journal – Knowledge*, Vol. 19 No.1, pp.33-39;
7. Trenevska Blagoeva, K., and Mijoska, M (2017), Applying TAM to Study Online Shopping Adoption among Youth in the Republic of Macedonia, Proceedings of the Joint International Scientific Conference - MIC 2017: Managing the Global Economy, University of Primorska, Faculty of Management (Slovenia), the Moscow State University Lomonosov, Moscow School of Economics (Russian Federation), the Juraj Dobrila University of Pula, Faculty of Economics and Tourism "Dr. Mijo Mirković" (Croatia), the Association for the Study of East European Economies and Cultures (USA) and the Society for the Study of Emerging Markets (USA); Monastier di Treviso, Italy, pp. 543-554;
8. Trenevska Blagoeva, K., Josimovski, S., Mijoska, M. and Jovevski, D. (2017), Assessment of the digital maturity in selected industries in the Republic of Macedonia, Proceedings of the Third international scientific-business conference leadership and management: integrated politics of research and innovations, LIMEN 2017, Belgrade, Serbia, pp. 572-576;
9. Trenevska Blagoeva, K. and Mijoska, M. (2018), Determinants of online shopping behaviour of young people in the Republic of Macedonia, Proceedings of the 9th International Conference "An Enterprise Odyssey: Managing Change to Achieve Quality Development", Faculty of Economics and Business, University of Zagreb, Zagreb, Croatia, May 23-26, 2018, pp. 377-385;
10. Trenevska Blagoeva, K., Josimovski, S., Mijoska, M. and Jovevski, D. (2018), Determinants of data analytics models to improve customer engagement, *International journal – Knowledge*, Vol. 22 No 1, pp. 187 – 192;
11. Jovevski, D., Nikolovska, D., Jovanovska, R. S. and Mijoska Belsoska, M. (2018), Effects and benefits of the obligatory implementation of electronic public procurement system, *International Journal- Knowledge*, Vol. 22 No.1, pp.273-281;

12. Trenevska Blagoeva, K. and Mijoska Belsoska, M (2018), Assessment of websites quality of the Ministries of the Republic of Macedonia, *International journal – Knowledge,* Vol. 26, No 1, pp. 287 – 294;

13. Jovevski, D., Mijoska, M. and Trenevska Blagoeva, K. (2018), Big data adoption in selected companies of the retail sector in the Republic of Macedonia, *International Journal – Knowledge,* Vol. 28 No.1., pp. 195-200;

14. Mijoska Belsoska, M. and Trenevska Blagoeva, K. (2019), Evaluating data analytics adoption in selected companies of the financial sector in the Republic of North Macedonia, Proceedings of the 11th International Conference Digital transformation of the economy and society: Shaping the future, Faculty of economics – Prilep, St. Kliment Ohridski University, Bitola, Republic of North Macedonia, p. 68-77;

15. Trenevska Blagoeva, K. and Mijoska, M. (2019), Assessing organizational maturity in predictive analytics of telecommunications companies in the Republic of Macedonia, *Journal of Economic analysis*, Vol. 52, No. 1, pp.48-55;

16. Trenevska Blagoeva, K. and Mijoska Belsoska, M. (2019), Developing data driven products in the emerging markets, *International journal – Knowledge,* Vol. 30, No 1, pp. 197 – 202;

17. Mijoska Belsoska, M., Trpkova-Nestorovska, M and Trenevska Blagoeva, K. (2019), Predicting consumer intention to use mobile banking services in North Macedonia, Book of abstracts of the 8th international M-Sphere conference of multidisciplinarity in business and science, M-Sphere - Association for Multidisciplinarity in Business and Society and Faculty of Economics and Business, University of Zagreb, Croatia, 24-26 October, 2019, p.41;

18. Trenevska Blagoeva, K., Mijoska, M. and Trenovski, B. (2019), Determinants of the citizens' usage of electronic public services in theRepublic of Macedonia, *International Journal of Electronic Government,* Inderscience publishing, - accepted for publishing on 23.09.2019, (forthcoming);

19. Мијоска Белшоска, М., (2019), Анализа на факторите на мотивација кои влијаат врз учењето и академските достигнувања на студентите, Годишник на Економски факултет – Скопје, том 54 С.1-374 (2019) Скопје, стр.129-142.

Д-р Марина Мијоска Белшоска била рецензент на четири научни труда, како и учесник во еден национален научен проект: „Перспективи и предизвици во процесот на приближување на јавниот и бизнис секторот во РМ кон стандардите и конкурентноста на економиите во ЕУ“ – Економски факултет - Скопје, УКИМ во Скопје, 2015-во тек.

Останати релевантни детали од научноистражувачката дејност се наведени во Анекс 1 Посебни услови за избор на наставно–научно, научно и наставно–стручно звање од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно–научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

**<u>Стручно–применувачка дејност и дејност од поширок интерес</u>**

Во разгледуваниот период, кандидатката активно е вклучена во стручно-применувачката работа на УКИМ, Економски факултет - Скопје. Особена активност кандидатката покажува и во дејностите од поширок интерес. Кандидатката има континуирано учество во промотивните активности на Факултетот, како што е Отворениот ден на Економскиот факултет во Скопје и посети во средните училишта во Скопје и во Републиката, во сите години пред изборот.

Исто така кандидатката е активно вклучена во работата на бројни стручни комисии и работни групи на Факултетот, меѓу кои може да се наведат:

1. член на конкурсната комисија за упис на нови студенти на прв циклус на студии на Економскиот факултет-Скопје во учебната 2015/16

2. член на конкурсната комисија за упис на нови студенти на прв циклус на студии Економскиот факултет-Скопје во учебната 2016/17
3. член на Централна комисија за упис на нови студенти на прв циклус на студии Економскиот факултет-Скопје во учебната 2017/18
4. член на конкурсната комисија за упис на нови студенти на прв циклус на студии Економскиот факултет-Скопје во учебната 2018/19
5. член на конкурсната комисија за упис на нови студенти на прв циклус на студии Економскиот факултет-Скопје во учебната 2019/20
6. член на работна група за испитување на потребите на пазарот за организирање на курс по Business modeling in a digital world во 2015/16
7. член на комисија за определување на дисциплинска одговорност на студентите на Универзитет "Св Кирил и Методиј" во Скопје, Економски факултет - Скопје од 07.03.2018
8. заменик член на комисија за јавни набавки на Универзитет "Св Кирил и Методиј" во Скопје, Економски факултет - Скопје за спроведување на постапките за јавни набавки кои се во вредност над 5000 евра, од 12.10.2017
9. заменик член на комисија за јавни набавки на Универзитет "Св Кирил и Методиј" во Скопје, Економски факултет - Скопје за спроведување на постапките за јавни набавки кои се во вредност до 5000 евра, од 12.10.2017
10. претседател на поткомисија за самоевалуација на ниво на студиска програма по е-бизнис на Економскиот факултет – Скопје, од 25.10.2019
11. член на комисија за јавни набавки на Економски факултет - Скопје, од 13.11.2019
12. член на Избирачки одбор за спроведување на изборите за претседател и членови на Факултетско студентско собрание на Економскиот факултет – Скопје, од 15.11.2019
13. секретар на катедрата за е-бизнис на Економски факултет – Скопје, од 28,11,2019
14. член на библиотечен одбор на Економски факултет – Скопје, од 29.11.2019.

Д-р Марина Мијоска Белшоска е член на заедницата на инструктори за дисциплината Менаџмент на бизнис процеси (назив на англиски "Fundamentals of Business Process Management"), која ја сочинуваат 230 образовни институции (универзитети и институти) од повеќе од 60 земји во светот.

Дополнителни информации од стручно–апликативната дејност и дејноста од поширок интерес може да се најдат во приложениот во Анекс 1. Посебни услови за избор на наставно–научно, научно и наставно–стручно звање од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно–научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

**<u>Оценка од самоевалуација</u>**

Кандидатката д-р Марина Мијоска Белшоска, во сите години пред изборот (2015/16, 2016/17, 2017/18 и 2018/19), добила позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Економскиот факултет - Скопје.

**Заклучок и предлог**

По деталното разгледување на доставената документација, како и долгогодишното лично познавање и соработка со кандидатката и нејзините севкупни остварени резултати, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно–образовната, научноистражувачката и стручно–применувачката дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Марина Мијоска Белшоска.

Врз основа на изнесените податоци за целокупните активности на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Марина Мијоска Белшоска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно–научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето вонреден професор во научната област бизнис менаџмент, по предметите: Менаџмент на бизнис процеси и Аналитика на бизнис податоци.

Според претходно наведеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, д-р Марина Мијоска Белшоска да биде избрана во звањето вонреден професор во научната област бизнис менаџмент, по предметите: Менаџмент на бизнис процеси и Аналитика на бизнис податоци.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Сашо Јосимовски**

**Проф. д-р Калина Треневска Благоева**

**Проф. д-р Лидија Пулевска Ивановска**

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:**
Марина Нове Мијоска Белшоска
(име, татково име и презиме)
**Институција:**
Економски факултет - Скопје
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област:** бизнис менаџмент
(Научна област)

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР/НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВИШ НАУЧЕН СОРАБОТНИК

| Ред. Број | Општи услови | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,69<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10,00<br>Просечниот успех изнесува 9,85 за интегрираните студии. | ДА |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br><br>Назив на научната област: бизнис менаџмент, поле: организациски науки и упрвување (менаџмент), подрачје: општествени науки. | ДА |
| 3 | Објавени најмалку пет рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | ДА |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: Economic Analysis<br>2. Назив на електронската база на списанија: Ebsco<br>3. Наслов на трудот: Assessing organizational maturity in predictive analytics of telecommunications companies in the Republic of Macedonia<br>4. Година на објава: 2019 | ДА |
| 3.2 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на | |

| | | |
|---|---|---|
| | програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br>1.Назив на зборникот: Knowledge - International Journal<br>2.Назив на меѓународниот собир: 19th International Scientific Conference “Knowledge In Practice”<br>3.Имиња на земјите: Бугарија, Србија, Хрватска, Македонија, Романија, Словенија, USA, Турција, Австрија, Украина и др.<br>4. Наслов на трудот: Big data adoption in selected companies of the retail sector in the Republic of Macedonia<br>5. Година на објава: 2018 | ДА |
| 3.3 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br>1.Назив на зборникот: Proceedings of the 9th International Conference "An Enterprise Odyssey: Managing Change to Achieve Quality Development”, Faculty of Economics and Business, University of Zagreb, Zagreb, Croatia, (indexed in Ebsco, EconLit and ProQuest)<br>2.Назив на меѓународниот собир: 9th International Conference "An Enterprise Odyssey: Managing Change to Achieve Quality Development”<br>3.Имиња на земјите: Хрватска, САД, Словенија, Германија, Унгарија, Швајцарија, Австрија, Чешка, Ирска<br>4. Наслов на трудот: Determinants of Online Shopping Behaviour of Young People in the Republic of Macedonia<br>5. Година на објава: 2018 | ДА |
| 3.4 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br>1.Назив на зборникот: Conference Proceedings – Leadership & Management: Integrated Politics of Research and Innovations<br>2.Назив на меѓународниот собир: Third international scientific-business conference “Leadership And Management: Integrated politics of research and innovations”, LIMEN<br>3.Имиња на земјите: Словенија, Србија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Македонија, Оман и др.<br>4. Наслов на трудот: Assessment of the digital maturity in selected industries in the Republic of Macedonia<br>5. Година на објава: 2017 | ДА |
| 3.5 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br>1.Назив на зборникот: Proceedings of selected papers of the 35th International conference on Organizational Science Development, University of Maribor, Faculty of Organizational Science, Portoroz, Slovenia<br>2.Назив на меѓународниот собир: 35th International conference on Organizational Science Development, University of Maribor, Faculty of Organizational Science, Portoroz, Slovenia<br>3.Имиња на земјите: Словенија, Австрија, Германија, Хрватска, Швајцарија, Република Чешка, Хратска, Црна Гора | ДА |

| | | |
|---|---|---|
| | 4. Наслов на трудот: User Adoption Analysis of the E-Government services in the Republic of Macedonia with Technology Acceptance Model (TAM)<br>5. Година на објава: 2016 | |
| 4. | Претходен избор во наставно-научно звање – доцент, датум и број на Билтен: 01.06.2015, бр. 1101 | ДА |
| 5. | Има способност за изведување на високообразовна дејност (петнаесетгодишно работно искуство во изведување на високообразовна дејност и континуирана позитивна евалуација на анкетата за односот на наставниците и соработниците кон наставата на УКИМ) | ДА |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Сашо Јосимовски**

**Проф. д-р Калина Треневска Благоева**

**Проф. д-р Лидија Пулевска Ивановска**

**ОБРАЗЕЦ 2**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ**

**Кандидат: Марина Нове Мијоска Белшоска**
(име, татково име и презиме)
**Институција: Економски факултет - Скопје**
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област: бизнис менаџмент**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Одржување на настава**<br>[неделен број на часови * број на работни недели во семестар * бодување * години на изведување на настава]<br><br>Прв циклус студии<br>▪ Менаџмент на е-бизнис 4*15*0,04*4=9,6<br>▪ Е-бизнис апликации во виртуелно окружување 4*7,5*0.04*2 = 2,4<br>▪ Е-бизнис апликации во виртуелно окружување 4*15*0.04*1 = 2,4<br>Втор циклус студии<br>▪ Дизајнирање на бизнис процеси 40*0.05*4=8<br>▪ Е-влада 40*0.05*4=8 | **30,4** |
| 2 | **Одржување на вежби**<br>[неделен број на часови * број на работни недели во семестар * бодување * години на изведување на вежби]<br><br>Прв циклус студии<br>▪ Менаџмент на е-бизнис 2*15*0.03*4=3.6<br>▪ Е-бизнис апликации во виртуелно окружување 2*7,5*0.03*2 = 0,9<br>▪ Е-бизнис апликации во виртуелно окружување 2*15*0.03*1 = 0,9 | **5,4** |
| 3 | **Подготовка на нов предмет**<br>(предавања 1; вежби 0,5)<br><br>▪ Менаџмент на е-бизнис/Менаџмент на бизнис процеси на департман Е-бизнис, Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје, Економски факултет – Скопје<br>▪ Е-бизнис апликации во виртуелно окружување/Аналитика на бизнис податоци на департман Е-бизнис, Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје, Економски факултет – Скопје | **3** |
| 4 | **Консултации со студенти**<br>[број на студенти * бодување] | **1,276** |

| | | |
|---|---|---|
| | Прв циклус студии<br>▪ Менаџмент на е-бизнис 550*0,002=1.1<br>▪ Е-бизнис апликации во виртуелно окружување 36*0.002=0.072<br>Втор циклус студии<br>▪ Дизајнирање на бизнис процеси (едногодишни и двегодишни студии) 47*0.002= 0,094<br>▪ Е-влада (едногодишни студии и двегодишни) 5*0.002=0,01 | |
| **5** | **Ментор на дипломска работа**<br>[број на менторства * бодување]<br>▪ Менаџмент на е-бизнис 7*0.2=1.4<br>▪ Е-бизнис апликации во виртуелно окружување 2*0.2=0,4 | **1,8** |
| **6** | **Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура**<br>[број на комисии * бодување]<br>1*0.3=0,3 | **0,3** |
| **7** | **Член на комисија за оцена или одбрана на дипломски труд**<br>[број на комисии * бодување]<br>11 *0.1=1.1 | **1.1** |
| **8** | **Интерна скрипта од предавања**<br>(бодување: 4)<br>1*4=4 | **4** |
| **9** | **Пакет материјали за определен предмет**<br>[број на пакет материјали * бодување]<br>▪ Пакет материјали за предавања<br>2*1=2 | **2** |
| | **Вкупно** | **49,276** |

**НАУЧНО - ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Учесник во национален научен проект**<br>▪ „Перспективи и предизвици на процесот на приближување на јавниот и бизнис секторот во Република Македонија кон стандардите и конкурентноста на економиите во Европската Унија“- Економски факултет – Скопје, Универзитет Св.Кирил и Методиј во Скопје, 2015-во тек | **3** |
| 2 | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од** | **35** |

| | | |
|---|---|---|
| | **<u>една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови (5 бода)</u>**<br>▪ Trenevska Blagoeva, K. and Mijoska, M. (2017), Determinants of mobile internet usage and opportunities for m-marketing among youth in the Republic of Macedonia, *International Journal of Multidisciplinarity in Business and Science - IJMBS*, Vol. 3, No. 4, pp.60-66, ISSN 1849-0581 (5*0.9=4.5)<br>▪ Trenevska Blagoeva, K., Josimovski, S., Mijoska, M. and Jovevski, D. (2017), Digital Maturity assessment in the banking industry in the Republic of Macedonia, *International journal – Knowledge*, Vol. 19 No.1, pp.33-39, ISSN 2545-4439 (printed) ISSN 1857-923X (e-version) (5*0,6=3,0)<br>▪ Trenevska Blagoeva, K., Josimovski, S., Mijoska, M. and Jovevski, D. (2018), Determinants of data analytics models to improve customer engagement, *International journal – Knowledge*, Vol 22 No 1, pp. 187 – 192, ISSN 2545-4439 (printed) ISSN 1857-923X (e-version) (5*0,6=3,0)<br>▪ Jovevski, D., Nikolovska, D., Jovanovska, R.S. and Mijoska Belsoska, M. (2018), Effects and benefits of the obligatory implementation of electronic public procurement system, *International Journal- Knowledge*, Vol. 22 No.1, pp.273-281, ISSN 2545-4439 (printed) ISSN 1857-923X (e-version) (5*0,6=3,0)<br>▪ Trenevska Blagoeva, K. and Mijoska Belsoska, M. (2018), Assessment of websites quality of the Ministries of the Republic of Macedonia, *International journal – Knowledge*, Vol. 26, No 1, pp. 287 – 294, ISSN 2545-4439 (printed) ISSN 1857-923X (e-version) (5*0,9=4,5)<br>▪ Jovevski, D., Mijoska, M and Trenevska Blagoeva, K. (2018), Big data adoption in selected companies of the retail sector in the Republic of Macedonia, *International Journal – Knowledge*, Vol. 28 No.1., ISSN 2545-4439 (printed) ISSN 1857-923X (e-version) (5*0,8=4)<br>▪ Trenevska Blagoeva, K. and Mijoska Belsoska, M. (2019), Developing data driven products in the emerging markets, *International journal – Knowledge*, Vol. 30, No 1, pp. 197 – 202, ISSN 2545-4439 (printed) ISSN 1857-923X (e-version) (Indexed in Ebsco) (5*0,9=4,5)<br>▪ Trenevska Blagoeva, K. and Mijoska, M. (2019), Assessing organizational maturity in predictive analytics of telecommunications companies in the Republic of Macedonia, *Journal of Economic analysis*, Vol. 52, No. 1, pp.48-55, ISSN 1821-2573 (print), ISSN 2560-3949 (online) (Indexed in Ebsco, DOAJ, CEEOL, ERIH PLUS, and REPEC.) (5*0.9=4.5) | |

| | | |
|---|---|---|
| | ▪ Trenevska Blagoeva, K., Mijoska, M. and Trenovski, B. (2019), Determinants of the citizens' usage of electronic public services in theRepublic of Macedonia, *International Journal of Electronic Government*, Inderscience publishing, - accepted for publishing on 23.09.2019, (forthcoming)<br>(5*0,8=4,0) | |
| 3 | **<u>Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји (5 бода)</u>**<br>▪ Trenevska Blagoeva, K., and Mijoska, M. (2016), User Adoption Analysis of the E-Government services in the Republic of Macedonia with Technology Acceptance Model (TAM), Proceedings of selected papers of the 35th International conference on Organizational Science Development, University of Maribor, Faculty of Organizational Science, Portoroz, Slovenia, pp. 202-213.<br>(5*0.9=4.5)<br>▪ Trenevska Blagoeva, K. and Mijoska, M. (2016), Adoption of electronic public services: the case of the Republic of Macedonia, Proceedings of the 8th International Conference "An Enterprise Odyssey; Saving the Sinking Ship through Human Capital", Zagreb, Croatia, pp.750-757. ISBN 978-953-346-027-7 (Indexed in EBSCO, EconLit and ProQuest).<br>(5*0.9=4.5)<br>▪ Trenevska Blagoeva, K., and Mijoska, M (2017), Applying TAM to study online shopping adoption among youth in the Republic of Macedonia, Proceedings of the Joint International Scientific Conference - MIC 2017: Managing the Global Economy, University of Primorska, Faculty of Management (Slovenia), the Moscow State University Lomonosov, Moscow School of Economics (Russian Federation), the Juraj Dobrila University of Pula, Faculty of Economics and Tourism "Dr. Mijo Mirković" (Croatia), the Association for the Study of East European Economies and Cultures (USA) and the Society for the Study of Emerging Markets (USA); Monastier di Treviso, Italy, pp. 543-554. (ISBN 978-961-7023-13-8).<br>(5*0.9=4.5)<br>▪ Trenevska Blagoeva, K., Josimovski, S., Mijoska, M. and Jovevski, D. (2017), Assessment of the digital maturity in selected industries in the Republic of Macedonia, Proceedings of the Third international scientific-business conference leadership and management: integrated politics of research and innovations, LIMEN, Belgrade, Serbia, pp. 572-576<br>(5*0,6=3,0)<br>▪ Trenevska Blagoeva, K. and Mijoska, M. (2018), Determinants of online shopping behaviour of young people in the Republic of Macedonia, Proceedings of the 9th International Conference "An Enterprise Odyssey: Managing Change to Achieve Quality Development", Faculty of Economics and Business, University | 25.5 |

| | | |
|---|---|---|
| | of Zagreb, Zagreb, Croatia, May 23-26, 2018, pp. 377-385. (Indexed in EBSCO, EconLit and ProQuest). (5*0.9=4.5)<br>▪ Mijoska Belsoska, M. and Trenevska Blagoeva, K. (2019), Evaluating data analytics adoption in selected companies of the financial sector in the Republic of North Macedonia, Proceedings of the 11th International Conference Digital Transformation of the economy and society: Shaping the future, Faculty of economics – Prilep, St. Kliment Ohridski University, Bitola, Republic of North Macedonia, p. 68-77, ISBN 978-9989-695-65-0<br>(5*0,9=4,5) | |
| 4 | **Трудови објавени во зборник на трудови на в.о. институција (2 бода)**<br>▪ Мијоска Белшоска, М. (2015), Анализа на нивото на процесна зрелост на компаниите во Република Македонија, Годишник на Економски факултет – Скопје, том 50 С. 1–70 (2015), Скопје, стр.265-280, ISSN 0489-0922<br>▪ Мијоска Белшоска, М. (2016), Компаративна анализа на практиките на бизнис процесниот менаџмент во компании од услужниот и производствениот сектор во Република Македонија, Годишник на Економски факултет – Скопје, 51 С. 1-604 (2016) Скопје, стр.207-223, ISSN 0489-0922<br>▪ Мијоска Белшоска, М. (2019), Анализа на факторите на мотивација кои влијаат врз учењето и академските достигнувања на студентите, Годишник на Економски факултет – Скопје, том 54 С.1-374 (2019) Скопје, стр.129-142, ISSN 0489-0922<br>3*2=6 | **6** |
| 5 | **Рецензија на научен/стручен труд**<br>▪ Една рецензија за Electronic Government, an International journal, Inderscience submissions, 2019<br>▪ Една рецензија за Годишникот на Економски факултет - Скопје за 2016 година<br>▪ Една рецензија за Годишникот на Економски факултет - Скопје за 2017 година<br>▪ Една рецензија за Годишникот на Економски факултет - Скопје за 2019 година<br>4*0.2=0.8 | **0,8** |
| 6 | **Апстракт објавен во зборник на конференција**<br>(меѓународна 1 поен)<br>▪ Trenevska Blagoeva, K. and Mijoska, M. (2016), Determinants of mobile internet usage and opportunities for m-marketing among youth in the Republic of Macedonia, Book of abstracts of the 5th M-SPHERE International Conference for Multidisciplinarity in Science and Business, Croatia, p.52.<br>▪ Trenevska Blagoeva, K. and Mijoska, M. (2018), Assessing organizational maturity in predictive analytics of telecommunications companies in the Republic of Macedonia, Book of extended abstracts of the 10th Annual International Conference - Theoretical And Empirical Aspects of Economic Science – 60 Years Of Challenges And Opportunities - Business | **3** |

| | | |
|---|---|---|
| | And Applied Economics", p.234-236, ISBN 978-86-89465-42-6.<br>▪ Mijoska Belsoska, M., Trpkova-Nestorovska, M. and Trenevska Blagoeva, K. (2019), Predicting consumer intention to use mobile banking services in North Macedonia, Book of abstracts of the 8th international M-Sphere conference of multidisciplinarity in business and science, p.41, ISBN 978-953-7930-15-8 | |
| | **Вкупно** | **73.3** |

**СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **<u>Учество во промотивни активности на Факултетот</u>**<br>▪ Учество во промотивни активности на Економскиот факултет во Скопје реализирана преку посета и презентации во средните училишта во Скопје и низ Републиката (2016, 2017, 2018 и 2019) (4* 0.5 = 2)<br>▪ Учество во промотивни активности „Отворени денови на Економски факултет - Скопје"(2016, 2017, 2018 и 2019) (4*0,5=2) | 4 |
| 2 | **<u>Член на факултетска комисија</u>**<br>▪ Член на конкурсната комисија за упис на нови студенти на прв циклус на студии во учебната 2015/16<br>▪ Член на конкурсната комисија за упис на нови студенти на прв циклус на студии во учебната 2016/17<br>▪ Член на Централна комисија за упис на нови студенти на прв циклус на студии во учебната 2017/18<br>▪ Член на конкурсната комисија за упис на нови студенти на прв циклус на студии во учебната 2018/19<br>▪ Член на конкурсната комисија за упис на нови студенти на прв циклус на студии во учебната 2019/20<br>▪ Член на работна група за испитување на потребите на пазарот за организирање на курс по Business modeling in a digital world во 2015/16<br>▪ Член на комисија за определување на дисциплинска одговорност на студентите на Универзитет "Св Кирил и Методиј" во Скопје, Економски факултет - Скопје од 07.03.2018<br>▪ Заменик член на комисија за јавни набавки на Универзитет "Св Кирил и Методиј" во Скопје, Економски факултет - Скопје за спроведување на постапките за јавни набавки кои се во вредност над 5000 евра, од 12.10.2017<br>▪ Заменик член на комисија за јавни набавки на Универзитет "Св Кирил и Методиј" во Скопје, Економски факултет - Скопје за спроведување на постапките за јавни набавки кои се во вредност до 5000 евра, од 12.10.2017 | 7 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | ▪ Претседател на поткомисија за самоевалуација на ниво на студиска програма по е-бизнис на Економскиот факултет – Скопје, од 25.10.2019<br>▪ Член на комисија за јавни набавки на Економски факултет - Скопје, од 13.11.2019<br>▪ Член на Избирачки одбор за спроведување на изборите за претседател и членови на Факултетско студентско собрание на Економскиот факултет – Скопје, од 15.11.2019<br>▪ Секретар на катедрата за е-бизнис на Економски факултет – Скопје, од 28,11,2019<br>▪ Член на библиотечен одбор на Економски факултет – Скопје, од 29.11.2019<br>14*0.5=7 | |
| **3** | <u>**Член на здружение поврзано со струката**</u><br>▪ Член на заедницата на инструктори за дисциплината "Fundamentals of Business Process Management", која ја сочинуваат 230 образовни институции (универзитети и институти) од повеќе од 60 земји во светот. | **0,3** |
| | **Вкупно** | **11.3** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | **Поени** |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **49.276** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **73.3** |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **11.3** |
| **Вкупно** | **133.876** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Сашо Јосимовски**

**Проф. д-р Калина Треневска Благоева**

**Проф. д-р Лидија Пулевска Ивановска**

**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**
**Економски факултет - Скопје**

Бр.02-218/18 Дата.07.02.2020 година

Врз основа на член 110, 174 и 175 од Законот за високото образование (Сл.весник на Р.Македонија бр.82/18), и член 42 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно – научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје (Универзитетски гласник бр.411 од 5.11.2018 година), Наставно – научниот совет на седницата одржана на ден 31.1.2020 година, ја донесе следната

# О Д Л У К А

1. Кандидатот д-р Марина Мијоска Белшоска, се избира за наставник во научната област: бизнис менаџмент, по предметите: Менаџмент на бизнис процеси и Аналитика на бизнис податоци.

2. Д-р Марина Мијоска Белшоска се стекнува со наставно – научно звање вонреден професор започнувајќи од денот на донесување на оваа одлука.

3. Д-р Марина Мијоска Белшоска согласно Законот за високото образование се избира за вонреден професор за период од 5 години, односно во периодот од 31.1.2020 до 30.1.2025 година.

4. Платата на д-р Марина Мијоска Белшоска ќе се утврди со посебно решение.

## О б р а з л о ж е н и е

На конкурсот за избор на наставник во сите наставно – научни звања во научната област: бизнис менаџмент, по предметите: Менаџмент на бизнис процеси и Аналитика на бизнис податоци, објавен во Нова Македонија и Коха на ден 5.12.2019 година, се пријави само кандидатот д-р Марина Мијоска Белшоска.

Рефератот на Рецензентската комисија е објавен во Билтенот на Универзитетот бр.1206 од 30.12.2019 година.

Против изготвениот реферат на Рецензентската комисија во предвидениот рок, не е поднесен приговор.

Наставно – научниот совет на седницата одржана на ден 31.1.2020 година, го прифати предлогот на Рецензентската комисија во состав:

- Проф. д-р Сашо Јосимовски
- Проф. д-р Калина Треневска Благоева
- Проф. д-р Лидија Пулевска Ивановска

и ја избра д-р Марина Мијоска Белшоска за наставник во наставно – научно звање вонреден професор, во научната област: бизнис менаџмент, по предметите: Менаџмент на бизнис процеси и Аналитика на бизнис податоци.

Прилог на оваа одлука претставува рецензентскиот извештај.

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Оваа одлука да се достави до: д-р Марина Мијоска Белшоска, продекан за настава, одделение за финансиско, сметководствено и материјално работење, одделение за студентски прашања, раководител на катедра, персонално досие, досие на седницата и архива.

**ДЕКАН**

Изработил:Д.К

**Проф. д-р Предраг Трпески**

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * СКОПЈЕ *